СОВЕТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО

Бр. 08-1165/2

12.03.2026 година

К и ч е в о

# З А П И С Н И К

Од одржаната 7-та редовна седница на Советот на Општина Кичево на ден 12.03.2026 година во просториите на Советот на Општина Кичево со почеток во 13 часот

Седницата во 13 часот ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Кичево Ајхан Сулкоски, а присутни беа и советниците: Жанета Милановска Петреска, Александар Мицкоски, Михајло Данилоски, Ирена Наумоска, Виолета Стефаноска, Бојан Трајкоски, Драган Дејаноски, Мирсад Рамазаноски, Илир Рушани, Шефки Имети, Суарта Салију Османи, Асип Зендели, Фадил Емини, Кујтим Касами, Теута Ахмеди Пурелку, Беќир Османи, Стево Стефаноски и Латифе Имани.

На седницата беа присутни и: Анета Настеска, Валдет Селими, Бурим Кадриу, Ристе Лазаровски, Дарко Белески, Ленче Србиноска, Мите Димитријоски, Арбен Ристеми- преставници од општинската администрација, Директорот на ОУ Работнички универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево, Директорот на ЈОУ ДГ ,,Олга Мицеска“ Кичево, Директорот и преставник на ЈКП ,,Комуналец“, преставници и директори од ОСУ ,,Мирко Милески„ Кичево, ОСУ ,,Дрита“ Кичево, ОУ ,,Санде Штерјоски“ Кичево, ОУ ,, Д-р Владимир Полежиноски“, ОУ,,Фаик Коница“ Грешница, ОУ,,Реџо Рушит Зајази“ Зајас, ОУ,,Милто Гура“ Стрелци, ОУ,,Наим Фрашери“ Јагол Доленци ,ОУ,,Ѓерк Кастриоти-Скендербег“Србица, ОУ,,Христо Узунов Другово“.

На седницата присуствуваа и новинари од : ТВ Ускана и ТВ Гура.

**Претседателот на советот** откако канстатира дека има кворум за работа праша дали некој има забелешка на  Записникот од 6-та седница на Советот на општина Кичево одржана на 16.02.2026 г.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека е против записникот, бидејќи не го одразувал нејзиниот став. Истакна дека тоа не било прв пат и ќе биде последен пат за тоа од моментот кога нема да биде кажано тоа што е. Истакна дека ќе преземе се што е потребно, треба  да се почитува нејзиниот говор и нивниот збор, како избрани од народот.

**Претседателот на Советот** го стави на усвојување Записникот од 6-та седница на Советот одржана на 16.02.2026 г. и истиот се усвои  со 14 гласа ЗА. 5 гласа ПРОТИВ . ВОЗДРЖАНИ (нема).

За оваа седница Претседателот на Советот го предложи следниот:

**<u>Д Н Е В Е Н   Р Е Д</u>**

1. Предлог Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2026 г.

2.Извештај за користење на резерви од Буџетот на Општина Кичево.

3.Усвојување на Финансиски извештај за работа на Општина Кичево за 2026 година.

4.Усвојување на Завршна сметка на Општина Кичево за 2025 година.

5. Усвојување на Финансискиот извештај за работа на ЈП,,Комуналец" Кичево за 2025 г.

6.Усвојување на Завршна сметка на ЈП ,,Комуналец"  Кичево за 2025 година.

7.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОСУ,,Мирко Милески„ Кичево.

8. Усвојување на Завршна сметка за 2025 година  на ОСУ,,Дрита" Кичево.

9.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ,,Санде Штерјоски" Кичево.

10.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ,, Д-р Владимир Полежиноски“.

11.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ,,Фаик Коница“ Грешница.

12.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ,,Реџо Рушит Зајази“ Зајас.

13.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ,,Милто Гура“ Стрелци.

14.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ,,Наим Фрашери“ Јагол Доленци.

15.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ,,Ѓерк Кастриоти-Скендербег“ Србица.

16.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ,,Христо Узунов“Другово.

17.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска“ Кичево.

18.Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево.

19.Заклучок за усвојување на Извештај на Програмата за работа на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево.

20. Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ,,Кузман Јосифоски - Питу“ Кичево.

21. Усвојување на Извештајот за попис за 2025 година во Општина Кичево.

22.Предлог Одлука за сопствено учество/кофинансирање за Проект-Изградба на резервоари за вода за пиење 70цм3 во с. Ново Село.

23.Предлог Статут на ЈП ,,Кичево Проект“.

24. Предлог Одлука за преземање на долг на ОСУ,,Мирко Милески“ Кичево.

25. Предлог Програма за поставување на Урбана опрема во Општина Кичево

26.Предлог Деловник за работа на партиципативно тело.

27.Предлог Одлука за усвојување на Одлука за склучување на Спогодба со клаузула на извршна исправа меѓу ЈП ,,Комуналец“-Кичево, ЈП Студенчица - Кичево и Општина Кичево.

28.Предлог Одлука за давање на согласност на СТАТУТАРНА ОДЛУКА за измена на Статутот на ЈП,,Комуналец“ Кичево.

29. Предлог Одлука за именување на член на Управен Одбор во ЈОУДГ ,,Олга Мицеска“ Кичево.

**Претседателот на советот** праша дали некој има измена и дополна на Дневниот ред.

**Валдет Селими**- Информира дека има дополна на дневниот ред со една точка, која ќе биде 30-та точка: Одлука за котизација.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Дневниот ред со предложената една дополна и тој се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ (нема).

**Претседателот на советот**, бидејќи преставникот на 22 точка од дневниот ред требало да замине на пат, информира дека таа точка прва ќе се образложи.

**22.ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА**: Предлог Одлука за сопствено учество/кофинансирање за Проект-Изградба на резервоари за вода за пиење 70цм3 во с. Ново Село

**Дарко Белески**- Информира дека општината аплицира на разни повици и сега во тек биле такви јавни повици за проекти од Владата и Министерставата и аплицирано било за два резервоари и тоа за во Иванчишта и во Ново Село. Истакна дека имале 5 милиони денари и сега

општината сакала да учествува со кофинансирање на овој Проектот од 477 илјади денари и за тоа било потребно да се донесе Одлука од советот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за сопствено учество/кофинансирање за Проект-Изградба на резервоари за вода за пиење 70цм3 во с. Ново Село и таа се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**1.ПРВА ТОЧКА**: Предлог Одлука за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2026 г.

**Михјло Данилоски** го прочита Извештајот од одржаната седница на Комисијата за финансии и буџет и информира дека оваа точка едногласно била усвоена од сите присутни.

**Бурим Кадриу**- Информира дека таа точка била за проширување на средствата во буџетот и тоа било по барање на ОСУ,,Мирко Милески“ кои имале свои придонеси, но небиле предвидени во буџетот. Се работело за 300.000 денари. Истакна дека во Одлуката имало и една техничка грешка која треба да се поправи, наместо основно, требало да стои средно образование.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Кичево за 2026 г. и таа се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ(нема).

**2.ВТОРА ТОЧКА**: Извештај за користење на резерви од Буџетот на Општина Кичево

**Михајло Данилоски**- Информира дека и останатите три точки кои се од надлежност на комисијата биле разгледани на седницата на Комисијата за Финансии и буџет и едногласно биле усвоени.

**Бурим Кадриу**- Информира дека таа точка била за искористување на буџетските резерви. Со Одлука на совет имало одобрени средства за помош на настраданите од пожарот лани во Кочани и тие биле исплатени на Црвениот крст, а од таму до семејствата на настраданите.

**Стево Стефаноски-** Информира дека таа Одлука била донесена од предходниот состав на советот и праша зошто сега за неа се зборувало. Средствата биле префрлени на 30.05.2025 и не му било јасно зошто сега е тоа.

**Бурим Кадриу**- Информира дека за искористување на буџетските резерви треба да се информира советот. По завршувањето на годината се носи Извештај за нивното искористување. Во 2025 година била донесена Одлука и тие биле искористени на 30.05.2025 г. преку Црвениот крст.

**Стево Стефаноски**- ,,Во ред".

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот за користење на резерви од Буџетот на Општина Кичево и истиот се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема) и ВОЗДРЖАНИ (нема).

Третата и четвртата точка преставникот заедно ги образложи.

**3.ТРЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Финансиски извештај за работа на Општина Кичево за 2026 година и

**4.ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка на Општина Кичево за 2025 година

**Бурим Кадриу**- Информира дека третата и четвртата точка заедно ќе ги образложи. Информира дека во Финансискиот Извештај се преставени надлежностите на општината, буџетот, ребалансот, приходите, изворите на финансирање итн. Истакна дека приходите имале реализација за 2025 г. околу 86% и детално образложи за тоа. Потоа, информира дека расходите имаат реализација од 65% и ги образложи по програми. Информира и за новите отворени сметки на општината, билансот на состојбата на органот и за обврските на општината кои биле 55 милиони денари.

**Претседателот на советот** ги  стави зедно на усвојување Финансискиот извештај за работа на Општина Кичево за 2026 година и Завршна сметка на Општина Кичево за 2025 година и тие се усвоија со 17 гласа ЗА.  ПРОТИВ (нема). 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**5.ПЕТТА ТОЧКА**: Усвојување на Финансискиот извештај за работа на ЈП,,Комуналец“ Кичево за 2025 г.

**Преставникот на ЈКП,,Комуналец**“ -Информира дека Финансискиот извештај и завршната сметка заедно ќе ги образложи, бидејќи биле исти. Истакна дека за 2025 г. се реализирани приходи од 190 милиони денари и образложи за нив. Финансискиот резултат бил негативен со 13 милиони денари. Расходите биле со вредност од 53 милиони денари и ги образложи.

**Илир Рушани**- Праша зошто финансискиот резултат е негативен и дали тоа било така поради лошото менанџирање со претпријатието.

**Преставникот на ЈКП,,Комуналец**“- Информира дека тој бил Раководител на Секторот за финансии и овде бил за Финансискиот извештај и Завршната сметка и не бил овластен да одговори на тоа прашање.

**Илир Рушани**- Побара да дојде Директорот на претпријатието за да тој одговори и објасни.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Финансискиот извештај за работа на ЈП,,Комуналец“ Кичево за 2025 г. и истиот се усвои со 11 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

Потоа, **Претседателот на советот** ја стави на усвојување и **6.ШЕСТАТА ТОЧКА** од дневниот ред: Усвојување на Завршна сметка на ЈП ,,Комуналец“ Кичево за 2025 година и истата се усвои со 11 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 7 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**7.СЕДМА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОСУ,,Мирко Милески„ Кичево

**Михајло Данилоски** -Побара Завршните сметки од сите училишта да се гласаат заедно во пакет.

**Претрседателот на советот** го стави на усвојување предлогот на Михајло и истиот беше усвоен со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Потоа, **Претседателот на советот** ги стави на усвојување Завршните сметки на сите училишта од 7-ма до 16-та точка и 20-та точка од Дневниот ред и тие се усвоија со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Се премина на:

**17.СЕДУМНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска“ Кичево

**Директорот на ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска“** Кичево-Информира дека градинката има 3 сметки и ги образложи детално сите.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2025 година на ЈОУ Детска градинка ,,Олга Мицеска“ Кичево и таа се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Директорот на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево заедно ги образложи:

**18.ОСУМНАЕСЕТА ТОЧКА**: Усвојување на Завршна сметка за 2025 година на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево и

**19.ДЕВЕТНАЕСЕТА ТОЧКА**: Заклучок за усвојување на Извештај на Програмата за работа на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево

**Директорот на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков“ Кичево**- Информира дека имаат 4 сметки и сите поединачно ги образложи.

Потоа, детално го образложи и Извештајот на Програмата за работа на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков" Кичево.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Завршната сметка за 2025 година на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков" Кичево и таа се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Потоа, **Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот на Програмата за работа на ОУ Работнички Универзитет ,,Крсте Мисирков" Кичево и тој се усвои со 19 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). ВОЗДРЖАНИ (нема).

Бидејќи 20-та точка од Дневниот ред прдходно беше усвоена се премина на:

**21.ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА**: Усвојување на Извештајот за попис за 2025 година во Општина Кичево

**Ленче Србиноска**-Информира дека деветочлената Комисијата за попис формирана од страна на Градоначалникот активно работела. Наведе кои административни згради и простории биле попишани и дека пописот бил со состојба од 31.12.2025 г. Попишани биле основни средства, парични средства на благајна, парични средства на сметките со кои работи општината и побарувањата и обврските на општината. Потоа, образложи за нив. Истакна дека составен дел на Извештајот се и Пописните листи кои се наоѓаа во архивата на општината.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Извештајот за попис за 2025 година во Општина Кичево и тој се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

Бидејќи, 22-та точка од Дневниот ред беше разгледана и усвоена на почетокот на седницата, се премина на:

**23.ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА**: Предлог Статут на ЈП ,,Кичево Проект

**Анета Настеска**- Информира дека статутот е изготвен согласно името и дејноста на претпријатието. Информира дека кај членови на Управниот

одбор наместо 5 требало да стои 3 члена. Истакна дека Статутот е изготвен согласно законските прописи.

**Илир Рушани**- Информира дека во член 6 и чл.7 во Статутот кај штембилот и печатот, покрај на македонски јазик и неговото кирилско писмо треба да биде и на албански јазик и латинската азбука испишано седиштето на претпријатието, да се употребува јазикот и на националностите. Истакна дека во член 32 требало да стои дека надоместокот за Управниот одбор треба да го одреди основачот, а не Управниот одбор, како што стоело, бидејќи во тој случај ќе имало конфликт на интереси.

**Анета Настеска** – Се извини за грешките и истакна дека тие ќе се поправат и дека се прифаќа предлогот за член 32.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека Статутот е дискриминирачки, во член 5 во самото именување на претпријатието, требало да било според Законот за употреба на јазиците, а и во член 7 и 8 не биле целосно употребени како треба. Истакна дека Статутот бил добра амбалажа и дека е ризик за во иднина. Во член 21 се барало да се именува лице кое требало да биде граѓанин на Р.М., но бидејќи името е сменето, требало да стои Северна Македонија, а не Р.М. Не се почитувала законитоста во Статутот и предложи во сите членови да се корегира името.

**Анета Настеска**- Информира дека Статутот не е усвоен.

**Суарта Салију Османи**-Информира дека тој се предлагал со име кое не е во употреба.

**Анета Настеска** – Информира дека ако имало нешто што треба да се измени, тоа ќе се направи.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека не треба да се толерираат тие гршки, бидејќи се работело за Статут.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Статутот на ЈП ,,Кичево Проект“ со сите предложени измени и тој се усвои со 16 гласа ЗА. 3 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

**24. ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за преземање на долг на ОСУ„Мирко Милески“ Кичево

**Анета Настеска** – Информира дека се работи за проект кој е во завршна фаза за вклучување во електрична мрежа. Тој требало да се плати на десет рати и општината прифаќа да го преземе долгот.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за преземање на долг на ОСУ„Мирко Милески“ Кичево и таа се усвои со 15 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 4 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**25.ДВАЕСТ И ПЕТТА ТОЧКА**: Предлог Програма за поставување на Урбана опрема во Општина Кичево

**Ристе Лазаревски**- Информира дека се работи за урбана Програма за 2026 г. и дека таква Програма се носела секоја година. Истакна дека Прогрмата има 4 дела кои се поделени по позиции. За да се издадело Решение за поставување на урбана опрема, таа програмата требало прво да се усвои од страна на советот.

**Фадил Емини**- Побара една измена на програмата, бидејќи, во програмата биле вклучени само локации од урбаниот дел на градот, побара да се вклучат и рурални средини и тоа да бидат во неа предвидени основните училиштата во с. Црвевци и с. Тујн, затоа што имеле услови за тоа.

**Ристе Лазаревски**- Праша дали бара игралиште или поставување на клупи и др. реквизити.

**Фадил Емини**- Информира дека бара поставување на клупи за одмор, корпи за отпад и др. реквизити.

**Ристе Лазаревски**- Информира дека тој дел не бил исцрпен и дека можеле да се постават и надвор од тоа.

**Фадил Емини**- „Ќе видиме дали ќе се постават“.

**Теута Ахмеди Пурелку**- Предложи да биде вклучена тука и гимназијата и просторот пред неа да биде исчистен и дека тоа ќе било добро за сите.

**Ристе Лазаревки**- Информира дека се спрема посебна нова Програма за таму и дека со неа ќе се опфати и уреди просторот пред гимназијата.

**Теута Ахмеди Пурелку**- Праша дали ќе може да се уреди еден агол, мини амфитеатар, со клупи итн.

**Ристе Лазаревски** -,,Може".

**Стево Стефаноски**- Информира дека видел дека во населбата ,,Карпош", од страрата општинска зграда до регионалниот пат немало ставено урбана опрема и предложи ако може тами да се постават клупи, детски реквизити итн.

**Ристе Лазаревски** – Информира дека имало позиција предвидено со: клупи, жардињери итн.

**Стево Стефаноски**-,, Во ред".

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Програмата за поставување на Урбана опрема во Општина Кичево и таа се усвои со 12 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ . ВОЗДРЖАНИ (нема).

**26.ДВАЕСТ И ШЕСТА ТОЧКА**: Предлог Деловник за работа на партиципативно тело

**Ристе Лазаревски**- Информира дека според Законот предвидено било покрај комисија да има и Партиципативно тело за урбанизам. Истакна дека во 2022 г. бил направен обид да се формира тоа, но никој не се пријавил на огласот. Информира дека во тоа тело можело да членуваат комисија од градоначалникот, стучни лица од урбанизмот, стручни лица од планирањето, преставници од секоја М.З, а можеле да се пријават и членови од советот. Телото имало консултативна улога уредена со член 46 од Законот.

**Претседателот на советот** го стави на усвојување Предлог Деловникот за работа на партиципативно тело и тој се усвои со 17 гласа ЗА. ПРОТИВ (нема). 2 гласа ВОЗДРЖАНИ.

**27.ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за усвојување на Одлука за склучување на Спогодба со клаузула на извршна исправа меѓу ЈП ,,Комуналец"-Кичево, ЈП Студенчица -Кичево и Општина Кичево

**Претседателот на советот**- Информира дека за таа точка добиле материјали и дека преставникот од здравствени причини не е тука за да ја образложи.

**Шевки Имети**- Информира дека ако не можел тој да дојде, тогаш требало да дојде некој кој е овластен за да ја брани таа точка, ако не предложи точката да оди на друга седница.

**Илир Рушани**- Информира дека преставник за таа точка требало да биде Директорот и тој требало да биде тука. Побара точката да се повлече од дневен ред.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека ги подржува колегите и доколку оваа точка се усвоела, советниците од нивната советничка група демонстративно ќе ја напуштат седницата.

Претседателот на советот даде пауза од 5 минути.

По паузата седницата продолжи.

**Директорот на ЈКП,,Комуналец**"- Информира дека спогодбата била помината на Управен и Надзорен одбор и дека Спогодбата била потребна за да се ослободат од долговите. Имало Пресуда од суд. Неможело да се исплаќа ништо ако не се усвоела таа спогодба. Истакна дека тоа морало да се направи, за дз се исплати долгот кој бил од 123 милиони денари.

**Шефки Имети**- Информира дека претпријатието е со 50 вработени и било паразит и сега потребно било советот да го усвои тоа, за да може општината да го исплати долгот. Праша од каде тоа ќе се исплати и дали ќе се плаќа паразитски долг. Обврска на граѓаните била да плаќаат за корисење и одржување на водоснабдителните системи. Истакна дека со потпишувањето на ова спогодба ќе има еднострано плаќање. Истакна дека тоа е политика и дека нетребало да се вработуваат активисти. За тоа, требало

да се најде решение, бидејќи со тоа ќе се зголемеле трошоците на граѓаните. Информира дека тој е против тоа.

**Директорот на ЈКП ,,Комуналец**" - Информира дека тој долг бил наследен од последните 14 години. Последната спогодба била од 2014 год. Истакна дека морало да се направи Спогодба за плаќање на рати.

**Илир Рушани**- Праша за 2014 кој долг не е исплатен тогаш.

**Директорот на ЈКП,,Комуналец**"- Информира дека не се плаќале ратите тогаш, не се почитувала Спогодбата и затоа била раскината.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека ,,Студенчица" е таа која бара, а тој што должи е ,,Комуналец". Истакна дека немало транспарентност спрема нив и граѓаните, бидејќи во Спогодбата немало информација за сумата.

**Директорот на ЈКП,,Комуналец**"- Информира дека за тоа имало записник кој им бил доставен.

**Шефки Имети**- Информира дека заради транспарентност требало да се каже дека долгот бил од 2013 год. и дека Кичево нетребало да плаќа за другите, туку само за нив, а не за Долнени итн.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за усвојување на Одлука за склучување на Спогодба со клаузула на извршна исправа меѓу ЈП ,,Комуналец"-Кичево, ЈП Студенчица -Кичево и Општина Кичево и таа се усвои со 11 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема).

Советникот Михајло Данилоски беше изземен од гласање, бидејќи е вработен во ЈКП,,Комуналец".

**28. ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА**: Предлог Одлука за давање на согласност на СТАТУТАРНА ОДЛУКА за измена на Статутот на ЈП,,Комуналец" Кичево

**Директорот на ЈКП,,Комуналец**"-Информира дека се работи за преземање на надлежностите за собирање на кучињата скитници и за превоз и од тоа да се ослободи општината.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека овде се работи за промена и дополна на дејноста на претпријатието и праша за кои релации се предвидува превоз на патници.

**Директорот на ЈКП,,Комуналец**"- За Општина Кичево.

**Суарта Салију Османи**- Информира дека не и е јасно дали ќе се превезуваат ученици или кои други категории на патници.

**Директорот на ЈКП,,Комуналец**"- Информира дека ќе се превезуваат ученици.

**Шефки Имети**- Информира дека со тоа што претпријатието ќе транспортира ученици ќе се затворел приватниот сектор.

**Директорот на ЈКП,,Комуналец**"- Информира дека тоа претпријатие било од јавен интерес.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за давање на согласност на СТАТУТАРНА ОДЛУКА за измена на Статутот на ЈП,,Комуналец" Кичево и таа се усвои со 11 гласа ЗА. 7 гласа ПРОТИВ. ВОЗДРЖАНИ (нема) .

Советникот Михајо Данилоски беш иземен од гласање, бидејќи е вработен во претпријатието.

**29.ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТА ТОЧКА**: Предлог Одлука за именување на член на Управен Одбор во ЈОУДГ ,,Олга Мицеска" Кичево

**Валдет Селими**- Информира дека Одлуката им е доставена во материјалите и ја образложи. Предложи да се усвои.

**Претседателот на советот** ја стави на усвојување Предлог Одлуката за именување на член на Управен Одбор во ЈОУДГ ,,Олга Мицеска" Кичево и таа се усвои со 12 гласа ЗА. 4 гласа ПРОТИВ. 2 гласа ВОЗДРЖАНИ .

**30.ТРИЕСЕТА ТОЧКА**: Одлука за котизација

**Валдет Селими**- Информира дека има барање од Ракометниот клуб Кичево за да му се исплати котизација.

**Илир Рушани**- Информира дека со таа Одлука не се почитувало начелото на еднаквост. Истакна дека на пр. Фудбалскиот клуб за жени ,,Ускана“ е на повискок ранг од Ракометниот клуб, но за него не се плаќало котизација. Истакна дека за тоа треба да им се каже на граѓаните, овде имало дискриминација и предложи да бидат и други опфатени со котизацијата. Информира дека не е против.

**Валдет Селими**- Информира дека тоа е според доставеното барање на Ракометниот клуб и дека други клубови немале доставени такви барања.

**Суарта Салију Османи**- Педложи да се повикаат сите клубови да достават барање и добро било, што сега тоа го следеле и присутните медиими на седницата.

Бидејќи, никој друг не се јави за збор, а со тоа беше исцрпен дневниот ред за оваа седница, Претседателот на советот ја затвори седницата во 15 часот и 5 минути.

| | |
|---|---|
| Записничар | Совет на општина Кичево |
| Ленче Србиноска | Претседател |
| | Ајхан Сулковски |